# ЗАПИСНИК
## од 9-та (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија
## одржана на 09.03.2018 година

На 9-та (вонредна) седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

**Ташко Дојчинов–претседател на Совет** ја стави на гласање оправданоста за свикување на вонредна седница и Советот едногласно ја утврди оправданоста на оваа вонредна седница.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Даниела Бомбол претставник на РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори 9-та (вонредна) Седница на Совет на општина Гевгелија.

За работа на 9-та (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Мислење од Советот на општина Гевгелија во врска со Предлог-Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот "с.Коњско" општина Гевгелија и општина Кавадарци, на друштвото за производство, трговија и услуги "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје.

**Ристо Ѓоргиев член на Совет** " волјата на народот е јасно изразена преку референдум и мислам дека оваа ги поминува сите граници за повторно да носиме одлука по оваа прашање и претставникот колку и да ни образложува неможеме да го смениме ставот на граѓаните на општина Гевгелија кои го искажаа преку одржаниот референдум па токуму поради овие причини ние како независна листа ќе ја напуштиме седницата се додека трае образложението на претставникот од "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје."

**Ристо Камов член на Совет** "барам записникот од комисиите да се повлече и во иднина да се придржува администрацијата кон моите укажувања

бидејќи моите изјави се испревртени и во никој случај не се така како ште се напишани."

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Мислење од Советот на општина Гевгелија во врска со Предлог-Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот "с.Коњско" општина Гевгелија и општина Кавадарци, на друштвото за производство, трговија и услуги "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Мислењето од Советот на општина Гевгелија во врска со Предлог-Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот "с.Коњско" општина Гевгелија и општина Кавадарци, на друштвото за производство, трговија и услуги "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје.

Во претресот по точката учествуваа: **Даниела Бомбол - претставник на РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје,Ристо Камов,Даниела Иљкова,Петар Стојанов,Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов-членови на Совет,Сашо Поцков-Градоначалник на општината.**

Пред да го стави на гласање Престедателот на Совет го прочита предлог мислењето кое се предлага :

**1**.Советот на општина Гевгелија на својата деветта (вонредна) седница одржана на ден 09.03.2018 година, го разгледа барањето на Министерството за економија за доставување мислење за Предлог-Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот ″с.Коњско″-општина Гевгелија и општина Кавадарци на друштвото за производство, трговија и услуги "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС" ДООЕЛ Скопје, и одлучи за делот којшто припаѓа на општина Гевгелија согласно законските надлежности, да даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ.**

2.При донесувањето на ваквото мислење, Советот на општина Гевгелија ги зеде в предвид сите заклучоци од претходно одржаните седници на Комисиите при Советот на општина Гевгелија за неговите 5-та и 9-та седница, Резултатот и правните последици од одржаниот Референдум на локално ниво во општина Гевгелија од 23.04.2017г., како и неколкуте стратешки документи на локално ниво. Поконкретно, Резултатите од Рефрендумот на локално ниво за или против отворање рудници на метлични минерални суровини на територијата на општина Гевгелија, покажаа дека граѓаните со огромно мнозинство од 97,86% од излезените 68,78% избирачи од општина Гевгелија, се изјасниja против отворање на такви рудници на територијата на општина Гевгелија. Подоцна, и Советот на општина Гевгелија донесе две Одлуки од своја надлежност, и тоа: Одлука за верификација на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1041/1

од 15.05.2017 година, и Одлука за задолжително дејство на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1042/1 од 15.05.2017 година, во која е наведено дека органите на општина Гевгелија задолжително тгреба да доставуваат НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ на државните органи по барањето за доделување концесија на нејзина територија. Ова е во согласност со Просторниот план на РМ, со Локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија од 1998 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.03/98г.), како и со Одлуката за усвојување на Стратегијата за Локален одржлив развој на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.22/06г.) со сите нејзини дополнувања, каде што децидно е наведено дека на територијата на општина Гевгелија се забранува изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија, во насока на зачувувањето на здравата животна средина.
Советот на општина Гевгелија смета дека, согласно Извештајот од извршените детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот ″с.Коњско ″ општина Гевгелија за периодот 2013-2017 година, како и Записникот од извршениот теренски увид од страна на Министерството за економија, концесионерот немал суштински причини или пречки да ги заврши истражувањата во законскиот рок, и дека место продолжување на концесијата, треба да следи еднострaн раскин на Договорот за концесија за вршење на детални геолошки истражувања од страна на концедентот.
**3.**Советот на општина Гевгелија смета дека Министерството за економија и Владата на РМ како надлежен орган за работите од областа на минералните суровини, треба во целост да го почитува ставот на Советот на општина Гевгелија за давање **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ** околу барањето за доделување концесија за вршење на детални геолошки истражувања, и да ги цени афирмативно сите доставени Одлуки од општина Гевгелија во прилог на ваквиот став.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Мислењето од Советот на општина Гевгелија во врска со Предлог-Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот "с.Коњско" општина Гевгелија и општина Кавадарци, на друштвото за производство, трговија и услуги "РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје и **Советот едногласно го усвои.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори 9-та (вонредна) седница на Советот на општина Гевгелија.

Записничар,
Благој Картов

Претседател
на Совет на општина Гевгелија
Ташко Дојчинов